ГРАНИТ

www.granit.com.mk

## ПРАШАЊА ОД АКЦИОНЕРИТЕ

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Друштвото одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста во работењето, принципите на Друштвото и деловна тајна, како и деловните интереси на Друштвото. Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Друштвото може да одговори директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Прашањето акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со доставеното прашање акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:
1. За акционер физичко лице се приложува:
- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Копија од лична карта или пасош

2. За акционер правно лице се приложува:
- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Последна тековна состојба од Централнниот ргистар во оригинал не постара од седум дена
- Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник

Прашањето во писмена форма заедно со документите за идентификација мора да биде примено во ГД Гранит АД Скопје.
Адреса на која се доставуваат прашањата:
ГД Гранит АД Скопје ул.Димитрие Чуповски бр.8 1000 Скопје
Управен Одбор на Друштвото

Со назнака „*За Годишно собрание*“

**ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ**
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија